

# ШЕЕСЕТ ГОДИНИ ОД ЖИВОТОТ И ДЕЈНОСТА НА ПРОФЕСОРОТ ЉУБЕН ЛАПЕ

Шеесетгодишнината од животот и дејноста на професорот Љубен Лапе е прилика и наша морална обврска за оддавање општествено признание, за согледување и вреднување на неговиот творечки опус.

Професорот Љубен Лапе е роден на 11 октомври 1910 година во Прилеп на залезот на петвековната ропска темнина и на почетокот на новите страдања на македонскиот народ. Детството го поминува мошне нерадосно во метежот на воените разурнувања и черечење на Македонија, кога македонскиот народ ја доживеа најголемата национална трагедија во својата историја.

Основното училиште и седум класа гимназија ги завршува во родниот град, а осмиот и матура во Битола. Национално потискуван со доста скудни материјални средства и самоодрекувања Љубен Лапе студира на Белградскиот универзитет — историска група — каде што во 1936 година дипломира. По враќањето од студии, како непожелен за режимот дури по четири годишно чекање,

во април 1940 година добива наставничка служба во денешен Титоград, каде што останува до капитулацијата на стара Југославија, во месец април 1941 година.

По враќањето во Прилеп, од бугарската окупаторска власт е поставен како гимназијален учител во Струмичката гимназија. Но оттаму, како симпатизер и приврзаник на движењето на отпорот, односно како непожелен, окупаторот го преместува во Бугарија, најнапред во Елхово, па потоа во Панаѓуриште од каде што е протеран во концентрациониот логор во „Чучулигово". Во крајот на месец октомври 1944 година, професорот Љубен Лапе се враќа во Македонија и се става во услуга на натамошниот развој на револуцијата, во социјалистичката изградба на земјата, неуморно работејќи и соработувајќи полни 25 години во органите за просвета, разните воспитно-образовни установи и работни организации.

Најнапред од ноември 1944 година како обласен училишен инспектор при Обласниот народен одбор во Битола, со нему својствената работливост и самопрегорност, пројавува иницијатива во учеството на организирањето и ширењето на училишната мрежа и воопшто на развојот на школството и во формирањето на други просветни установи во соодветниот регион. И подоцна, од јануари 1945 година, со неговото поставување на должност помошник повереник при Поверенството за просвета на Федерална Македонија, односно подоцна како помошник министер за просвета на Министерството на просвета на Народна Република Македонија, се залага со полна енергија и одговорност во реализација на вонредно амбициозната програма на народната власт, односно ресорното министерство на планот на образованието и школството во Републиката.

И покрај тековната службена работа, извршувана во вонредно тешки околности, професорот Љубен Лапе е вклучен непосредно во школувањето на првите учители и на првиот виш преподавателски наставен кадар по предметот историја во ослободена Македонија. Имено, тој прв ги држи првите предавања од историјата на македонскиот народ на слушателите на Курсот за преподаватели во нижите класови на гимназиите во 1945 и 1946 година — кој подоцна е рангиран со Виша педагошка школа.

Професорот Љубен Лапе е еден од авторите на првата програма по историја на македонскиот народ, изработена во вид на тези. Составена во времето кога немаше учебници или било каква погодна прирачна и друга литература за оваа материја, програмата се користеше како ориентација во изведувањето на наставата по историја, при изработувањето на наставните програми за наставата по историја во сите видови училишта во Републиката, а и надвор од неа.

Плодотворната активност на професорот Љубен Лапе е вткаена во формирањето и развојот на најстариот факултет во ослободена Македонија. Имено, кон средината на 1946 година, е определен

за член на Матичната комисија за основање на Филозофскиот факултет во Скопје. Истовремено на него станува организатор на Семинарот по историја, ја зазема катедрата по историја на македонскиот народ и работи на формирањето на семинарската библиотека. Како резултат на неговото извонредно залагање и постигнатите резултати во 1949 година Љубен Лапе е избран за доцент по истиот предмет, а во 1959 година за вонреден професор. Професорот Љубен Лапе сега е редовен професор на Филозофскиот факултет. Неколку пати е избиран за шеф на Катедрата за историски науки, а заземал и други раководни должности на Филозофскиот факултет.

Сфаќајќи ја огромната важност на изградувањето на наставниот кадар, професорот Љубен Лапе со на нему својствен жар и патриотска љубов се зафаќа во подготвувањето на наставниот кадар по историја. И покрај огромните потешкотии од објективен и субјективен карактер, успешно ги совладува поставените задачи на Катедрата за историски науки. Македонските, и не само македонските, студенти по историја, преку предавањата на професорот Љубен Лапе се запознаваа и ја восприемаа во себе правата историја на македонскиот народ, пречистена од вековните наслаги на безбројните фалсификации. Од создавањето на Филозофскиот факултет па до сега преку професорот Љубен Лапе и другите професори се излезени 19 генерации македонски историчари чија бројка изнесува над 400. Многумина од нив се здобиле и со највисоки квалификации и денеска се истакнати професори и научни работници на полето на историската наука и образованието и воспитувањето на младите генерации.

Паралелно со педагошко-просветната работа, професорот Љубен Лапе постојано се залагал и се залага за издавање на што поквалитетни учебници и научно-стручно усовршување на постојниот наставно-научен кадар. Скоро и не постои учебник по историја, или одбрана на докторска дисертација каде што не е присутно името на професорот Љубен Лапе како автор, ментор или рецензент.

Скоро е редовен и активен учесник на семинарите за стручно усовршување на наставниот кадар по историја, а еден е од основачите и раководител и повеќе години член на управата на стручното здружение на историчарите на Социјалистичка Република Македонија, што е уште едно сведоштво за неговата несебична и конкретна помош и грижа за квалитетното подобрување на работата на неговите бивши студенти — сегашни наставници по предметот историја.

Но ова е само дел од широкиот творечки диапазон на професорот Љубен Лапе.

Неговите огледи на осмислување и научно интерпретирање и пресоздавање на македонската историја заземаат доста истакнато

место во неговото творештво. Професорот Љубен Лапе спаѓа меѓу најзабележителните и заслужни основоположувачи на македонската историска наука. По победоносниот завршеток на Народната револуција паралелно со другите тековни работи и задачи, активно учествува во организирањето на врвни научни и просветни институции во Републиката какви што се Институтот за национална историја, Архивот на Македонија, Историскиот музеј и други институции.

Како еден од основоположувачите на македонската историска наука професорот Љубен Лапе меѓу првите македонски историчари во слободна Македонија ја заора првата бразда со векови газена и набивана македонска историска ледина и првиот го фрла семето на вистинската историја на македонскиот народ која беше, а некаде е и сега фалсификувана и присвојувана од разни непријатели на македонскиот народ.

Од перото на професорот Љубен Лапе до сега излегле над 50 труда. По својата содржина тие третираат мошне важни проблеми од националноослободителната борба на македонскиот народ претежно до крајот на Првата светска војна (1918 година). Нашата и странската општествена и научна јавност преку трудовите на професорот Љубен Лапе имаше можност за прв пат да се запознае со правилната историја на Македонија. Според тоа, со право можеме професорот Љубен Лапе да го наречеме татко на македонската историја. Прибирањето на растурените историски документи и нивното обработување, како и на стручната литература за македонската историја, за професорот Љубен Лапе — како на познат библиофил — претставувала и понатака ќе претставува составен дел на неговата дневна работа и преокупација. Како неуморен трагач и собирач на историските документи и историските книги Љубен Лапе повеќе пати престојувал на архивски истражувања во земјата и во странство. Тоа што библиотеките на Семинарот по историја на Филозофскиот факултет и на Институтот за национална историја денеска се вбројуваат меѓу најбогатите историски библиотеки за историјата на македонскиот народ, и не само на македонскиот народ, на Балканот, е заслуга пред сè на професорот Љубен Лапе кој што е еден од нивните основачи. Секој негов престој надвор од Скопје скоро редовно се завршува со донесување на нови документи и нови стручни книги.

Освен како активен просветен и научен работник, професорот Љубен Лапе е доста активен и како општествено-политички работник. Произлегувајќи од родољубиво македонско семејство, непомирувајќи се со ропската положба на својот народ тој уште за време на своето школување ѝ припаѓа на прогресивната македонска младина, односно на оние историски сили во Македонија коишто се бореа за националното и социјалното ослободување на македонскиот народ. Професорот Љубен Лапе мошне ангажирано членувал и сега членува во разни културно-просветни и општествени

организации. На ова поле особено е активен во разни републички и сојузни комисии и одбори и други форми на професионално делување.

За ваквата своја активност и плодна работа професорот Љубен Лапе повеќе пати е одликуван и наградуван. Од нашите највисоки сојузни претставнички дела и од Претседателот на Републиката е одликуван со Орден заслуги за народ од II ред и со Орден на трудот од II ред, а и со Лениновиот спомен медал од Президиумот на Врховниот Совет на СССР по повод 100-годишни од раѓањето на Ленин.

Годинава ја доби највисоката републичка награда „Климент Охридски“, за постигнати резултати од областа на воспитувањето и образованието.

*Орѓе ИВАНОВСКИ*